# ЗА ПОДОБРА

## САБОТНА ШКОЛА





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2026

*Сабота, 4 јули 2026*

## ХРИСТОВИОТ ПРИМЕР ВО ДРУШТВЕНИТЕ ОДНОСИ

**„На третиот ден имаше свадба во Кана Галилејска, и мајката на Исус беше таму. На свадбата беа поканети и Исус и Неговите ученици.“ (Јован 2,1.2)**

Во Кана Галилејска требало да се одржи свадба. Младенците на таа свадба во Кана Галилејска биле роднини на Јосиф и Марија. Христос бил известен за оваа семејна свеченост. Знаел дека тука може да се сретне со многу влијателни лица, и заедно со своите неодамна повикани ученици, се упатил кон Кана. Штом се дознало дека Исус стигнал во тоа место, Нему и на Неговите пријатели им бил упатен специјална покана за свадбата...

Тој им се придружил на присутните на оваа семејна свеченост, а ниедна сенка на световна распуштеност не го нарушувала Неговото однесување; со своето присуство Тој ги одобрил ваквите свечени собири.

Овде се крие поука за Христовите следбеници од сите времиња да не се исклучуваат од општеството, оттргнувајќи се од сите општествени контакти и тежнеејќи кон строго повлекување и одвојување од своите ближни. За да допреме до сите општествени слоеви, мораме да им се приближиме налуѓето и да најдеме места и начини да се дружиме со нив, зашто тие ретко тежнеат да нѐ пронајдат нас. Срцата на луѓето не се допрени од божествената вистина само од проповедалната. Исус го привлекувал нивното внимание мешајќи се со нив како оној кој им посакува добро. Им приоѓал во нивните секојдневни дејности покажувајќи дека искрено се интересира за нивната работа и секојдневни грижи. Своите поуки и упатства ги упатувал до членовите од домаќинството во нивната куќа, доведувајќи ја на тој начин целата фамилија под влијание на својата божествена присутност...

Христос го карал попуштањето на себеси во сите негови облици, но по природа бил друштвен. Го примал гостопримството

на сите општествени слоеви, посетувајќи домови и на богати и на сиромаси, и на образовани и на необразовани, трудејќи се да ги издигне нивните мисли од секојдневното кон она што е духовно и вечно. Тој не го одобрувал распуштениот живот и врз неговото однесување не паднала никаква сенка на световна лекоумност; сепак, Тој наоѓал задоволство во сцените на простодушната радост и со своето присуство ги одобрувал општествените собири. Еврејската свадба била впечатлив настан и нејзината радост не предизвикувала незадоволство кај Синот човечки. (МЛ 186)

*Сабота, 11 јули 2026*

## САКАЈТЕ ГИ ЛУЃЕТО КАКО ШТО ГИ САКАЛ ХРИСТОС

**„Ова е Мојата заповед: да се љубите еден со друг, како што Јас ве љубев вас.“ (Јован 15,12)**

Своите божествени поуки што им ги упатувал на другите, Христос ги спроведувал во сопствениот живот. Неговата ревност никогаш не го наведувала да биде избувлив. Секогаш покажувал доследност без тврдоглава упорност, добрина без слабости, нежност и сочувство без сентименталност. Бил многу друштвен, но го чувал своето достоинство коешто не охрабрувало недолична блискост. Неговата умереност никогаш не наведувала на фанатизам или аскетизам. Не му се прилагодувал на светот, но не бил рамнодушен спрема потребите и желбите и на најмалиот меѓу човечките синови. Потребите на секој поединец кај Него буделе сочувство.

Од најраните години па сè до својата младост, Христовиот живот претставувал совршен пример на понизност, работливост и послушност. Секогаш бил внимателен кон другите и полн со самооткажување. Иако ги имал обележјата на небото, не дошол за да Му служат, туку Тој да им служи на другите...

Христовиот несебичен живот претставува пример за сите нас. Неговиот карактер е пример на особини кои мора да ги стекнеме за да ги следиме Неговите чекори.

Тактичноста и здравото расудување стократно ја зголемуваат корисноста на еден работник. Со подготвеноста да изговори вистински збор во вистинско време и да покаже вистински дух, тој ќе има сила да допре до срцата на оние на кои настојува да им помогне.

Мораме љубезно да постапуваме и со оние кои што не се согласуваат со нас во верата и учењето. Тие се Христова сопственост, и ќе мораме да се сретнеме со нив на денот на конечната пресметка. На судот ќе бидеме соочени еден со друг, и ќе ги гледаме записите на своите мисли, зборови и дела, и тоа не онакви какви што ние сега ги замислуваме, туку онакви какви што навистина се. Бог ни дал должност да се сакаме едни со други како што Христос нè сака сите нас. (МЛ 187)

*Сабота, 18 јули 2026*

**САКАЈ ГИ И ПРИЈАТЕЛИТЕ И НЕПРИЈАТЕЛИТЕ**

**„’Кој од тие тројца ти се чини дека му беше ближен на оној, што падна во рацете на разбојниците?’ А тој одговори: ’Оној кој му искажа милост.’ Исус му рече: ’Оди и ти прави така’.“ (Лука 10,36.37)**

Христос дошол да ги урне сите ѕидови на разделба. Со својата служба Тој покажал дека даровите на Неговата милост се толку неограничени со времето и просторот како воздухот, сончевата светлина или дождот што ја освежува земјата... Не правел разлика меѓу сосед и странец, меѓу пријател и непријател...

Ниту покрај едно човечко суштество не поминал незаинтересирано. Во какво друштво и да се нашол, изнесувал поука која што одговарала на времето и на околностите. Кога гледал како

некои луѓе ги запоставуваат или ги навредуваат своите ближни, станувал уште посвесен колку на таквите страдалници им било потребно Неговото божествено-човечко сочувство. Се трудел на најгрубите и на оние кои најмалку ветувале, да им влее надеж, уверувајќи ги дека и тие можат да се ослободат од пороците, да станат беспрекорни и да развијат карактер со кој ќе посведочат дека се Божји деца.

Често се среќавал со несреќни коишто целосно се препуштиле на сатанската власт и немале сила да се ослободат од неговите окови. На таквите обесхрабрени, болни, искушани и паднати души, Христос им упатувал зборови со најнежно сочувство, зборови кои, и покрај сите нивни слабости, можеле да ги сфатат.

Исус сретнувал и такви коишто не се предавале во борбата со непријателот. Таквите ги храбрел да истраат, уверувајќи ги дека сигурно ќе успеат... Тој седел како почитуван гостин на трпеза со цариници, покажувајќи со својата друштвеност и љубезност дека го цени достоинството на човекот, и луѓето копнееле по тоа да се удостојат за Неговата доверба... Иако бил Евреин, Христос слободно се дружел со Самарјаните.... Спиел со нив под ист кров, јадел со нив на нивната трпеза - земајќи храна зготвена од нивните раце - поучувал на нивните улици и кон нив се однесувал со најголема љубезност и добрина. И додека со човечката наклонетост ги придобивал нивните срца, со својата божествена милост им го нудел спасението коешто Евреите го отфрлиле. (МЛ 188)

*Сабота, 25 јули 2026*

## СОЧУВСТВУВАЈТЕ СО СЕКОЈ ЧОВЕК

**„За слабите станав слаб, за да ги придобијам слабите. За сите станав сè, та на каков и да било начин да спасам некои.“ (1. Коринќаните 9,22)**

Секој од нас треба сериозно да размислува како може да стане најкорисен и на кој начин може најдобро да послужи на благослов на оние со коишто се дружи.

Сите оние што тврдат дека се Божји деца, мораат секогаш да имаат на ум дека се практично мисионери кои во својата работа доаѓаат во контакт со луѓе со најразлични склоности и особини. Има луѓе кои се нечесни и неискрени во постапките со своите ближни. Тие можат да бидат аристократски настроени, суетни, горделиви, лекомислени, независни, незадоволни, со паднат дух, обесхрабрени, фанатици, себични, малодушни, плашливци, пречувствителни, вообразени, расипници, неучтиви и површни... Со луѓе со толку различни склоности и темпераменти не може да се постапува исто. Но сепак, било да се богати или сиромашни, мали или големи, зависни или слободни, сите чувствуваат потреба за љубезност, сочувство, вистина и љубов. Преку заемното контактирање со другите, ние треба да се изградуваме и облагородуваме. Ние зависиме едни од други, па затоа да настојуваме меѓусебно што потесно да се поврземе со врските на човечкото братство.

Благодарение токму на таквите општествени односи, христијанството доаѓа во контакт со светот. Од секој маж и жена, што ја вкусиле Христовата љубов и го примиле во своето срце божественото просветлување, Бог бара да ја осветлуваат животната патека на оние кои сè уште не дознале за добриот пат...

Ние сме должни да зборуваме за Христа отворено и решително, покажувајќи ја во својот карактер Неговата кротост, понизност и љубов, сè додека луѓето не станат восхитени од убавината на светоста.

Посветена со Христовиот Дух, моќта на влијанието мора да ја има возвишената цел да се доведат нови души кај Спасителот... Христос во нас треба да биде како извор на жива вода која што тече во вечен живот, освежувајќи ги сите оние кои што доаѓаат во контакт со нас.

(МЛ 189)

*Сабота, 1 август 2026*

## КОЛКУ СЕ ПРИЈАТНИ УГОДНИТЕ ЗБОРОВИ ИСКАЖАНИ ВО ПРАВО ВРЕМЕ!

**„Зборовите кажани во право време, се златни јаболки во сребрени садови.“ (Мудри изреки 25,11)**

Кога би бил гостин на некоја гозба, Христос го насочувал текот на разговорот и упатувал многу драгоцени поуки. Присутните со задоволство го слушале — зашто токму Тој ги исцелил од нивните болести, ги утешил во нивната тага и ги земал во прегратки нивните деца. Цариниците и грешниците биле привлечени кон Него, и, додека зборувал, нивното внимание било просто заковано за Него.

Христос ги поучувал своите ученици како да се однесуваат кога ќе се најдат во друштво на другите луѓе. Ги упатувал на тоа дека должностите и правилата на општествениот живот се важни исто така како и законите на Божјето царство. Со пример ги учел, кога ќе се најдат на некој јавен собир, дека не треба да бидат брзи и наметливи да кажат нешто. Неговите разговори, кога се наоѓал на гозба, впечатливо се разликувале од сето она што можело вообичаено да се слушне на такви места. Секој Негов збор бил мирис на живот. Неговите зборови навистина биле како златни јаболки во сребрени садови.

Да се разговара со Христа - колку ли драгоцена е таа помисла? Таквиот разговор е наша секојдневна предност... Кога првите учениците ги слушнале Исусовите зборови, тие почувствувале потреба да бидат со Него. Се потрудиле да го пронајдат, го пронашле и тргнале по Него. Биле во непосреден контакт со Него во домовите, крај трпеза, во место на тајна молитва и на отворено во природа. Биле со Него како ученици со својот учител, секојдневно примајќи поуки од Неговите усни за светите вистини. Гледале во Него како што слугите гледаат во својот господар... Му служеле радосно и од цело срце.

Со право треба да обратиме голема важност на нашето дружење. Ние можеме да направиме тоа да биде пријатно и корисно, но ниедно дружење не е толку драгоцено како кога ограничениот смртник доаѓа во врска со неограничениот Творец. Кога ќе оствариме такво единство, Христовите зборови остануваат во нас. Како резултат на тоа човекот ќе има очистено срце, промислен живот и беспрекорен карактер. Ние можеме да станеме слични на Христа, нашиот беспрекорен пример, само ако постојано го запознаваме и се дружиме со Него.

(МЛ 190)

*Сабота, 8 август 2026*

## ВИСТИНСКА БЛАГОРОДНОСТ

**„Никого да не хулат, да не се препираат, да бидат благородни, покажувајќи секаква кротост кон сите луѓе.“ (Тит 3,2)**

Суштината на вистинската учтивост е обѕир кон другите. Најважно и најнеповинливо образование е она образование коешто поттикнува на сочувство и љубезност кон сите. Таканаречената култура која што младите не ги поттикнува да им бидат послушни на родителите, да ги ценат нивните доблести, стрпливо да ги поднесуваат нивните недостатоци помагајќи им во нивните потреби, културата која не ги прави обѕирни и нежни, великодушни и желни да им помогнат и на младите и на постарите и на несреќните, и да бидат учтиви спрема секого - таквата култура е чисто промашување.

Вистинската благородност на мислите и однесувањето може да се стекне во училиштето на божествениот Учител, а не со какво било држење на вообичаени правила и прописи. Христовата љубов, која го обзема срцето на оној што ја прима, го облагородува карактерот и го обликува според Неговиот лик. Таквото воспитување навистина влева небесно достоинство и чувство на пристојност. Ова на човечката природа ѝ дава пријатност а

на однесувањето, отменост што никогаш не може да се стекне со површната учтивост на современото општество.

Библијата нѐ поучува да бидеме учтиви, и ни покажува многу примери на несебичен дух, благородна убавина и вистински пријатен темперамент, што се обележја на вистинската учтивост. Сепак, сето тоа претставува само одблесок на Христовиот прекрасен карактер. Секоја вистинска нежност и учтивост на овој свет, дури и меѓу оние кои не го признаваат Неговото име, доаѓа од Него. Тој сака тие особини совршено да се огледуваат во однесувањето на Неговите деца. Негова намера е луѓето во нас да ја гледаат Неговата убавина.

Каква благодат, добрина и убавина на карактерот може да се види во секојдневниот живот на нашиот Спасител! Каква убавина зрачела од самото Негово присуство! ... Небесна атмосфера ги опкружува Оние во кои престојува Христовиот Дух. Белата облека на нивната чистота ќе зрачи со мирис од Господовата градина. (МЛ 191)

*Сабота, 15 август 2026*

## ХРИСТИЈАНСКА УЧТИВОСТ

**„Како што Јас ве љубев вас, така и вие да се љубите еден со друг.“ (Јован 13,34)**

Вредноста и значењето на учтивоста навистина премалку се цени. На мнозина, кои имаат добри и благи срца, им недостасува љубезност во однесувањето. Мнозина, кои за својата искреност и исправност заслужуваат пофалба и почитување, покажуваат тажен недостаток на добрина. Тој недостаток ја уништува нивната среќа и го намалува нивниот успех во службата за другите. Мнозина, токму поради својата неучтивост и од чиста непромисленост, ги жртвуваат своите најубави и најкорисни животни искуства.

Светото писмо ни дава истакнати примери на вистинска уч-

тивост. Аврам бил Божји човек. Секаде каде што ги поставувал своите шатори, тој подигал и олтар за принесување на жртви и го повикувал Бога да биде со него. Аврам бил исклучително учтив. Неговиот живот не бил извалкан со себичност, толку непожелна особина во карактерот на човекот и толку одвратна во Божјите очи. Да обратиме внимание на неговото однесување кога требало да се одвои од Лот. Иако Лот, како негов внук, бил многу помлад од него, иако предноста на избор по сите правила му припаѓала на Аврама, тој се одрекол од своето право и му препуштил на Лот за себе да ги избере оние предели коишто му се чинеле најпривлечни. Да го погледнеме како љубезно дочекува тројца патници еден жежок летен ден, и како брза да се погрижи за нивните потреби. Колку благородно се ангажира во деловните односи со Хетовите синови, купувајќи гробно место за својата почината сопруга. Иако притиснат со болка и тага, тој не заборава да биде учтив. Иако пред Бога признат, тој се поклонува пред нив. Аврам знаел што е вистинска учтивост и како треба да се однесува кон своите ближни.

Ние треба да заборавиме на себе... да најдеме можност да ги развеселиме другите, и нивните товари, тага и грижи да ги ублажиме со нежна љубезност и со ситни докази на љубов. Со овие промислени постапки на учтивост, кои најнапред започнуваат во нашите семејства, за потоа да се шират и надвор од семејниот круг, придонесуваме кон збирот на она што животот го прави среќен.

(МЛ 192)

*Сабота, 22 август 2026*

## ДА БИДЕМЕ ВНИМАТЕЛНИ КОН ДРУГИТЕ

**„Најпосле бидете сите сложни во мислењето, сочувствителни, братољубиви, милосрдни, понизни.“ (1. Петрово 3,8)**

Големиот апостол Павле бил многу цврст кога биле во прашање должностите и начелата; тој проповедал за Христа со голема храброст и решителност; но, никогаш не бил груб или неучтив. Бил исклучително сочувствителен и секогаш љубезен и внимателен спрема другите. Учтивоста била изразена црта на неговиот карактер, и тоа му го олеснувало пристапот до повисоките општествени слоеви... Тој ревнувал за вистината и смело го бранел Христовото учење, но доличното држење и доблеста на вистинската учтивост биле обележје на секоја негова постапка...

Со топлината на своето срце Павле ги привлекувал сите со коишто доаѓал во допир, а душата му била прилепена за душите на неговите браќа. Кога се одвојувал од нив, знаејќи и уверувајќи ги дека нема повеќе да го видат неговото лице, и додека тие во својата најдлабока болка најсесрдно го преколнувале да остане со нив, тој извикнал: „Што правите? Зошто плачете и ми го кршите срцето?“ Гледајќи како длабоко страдаат поради конечното одвојување од него, неговото сочувствително срце се кршело од болка. Може ли христијанин да не се воодушевува на карактерот на Павле? Цврст и непоколеблив како карпа кога требало да се стане и да се одбрани вистината, бил полн со љубов и нежен како дете кога бил опкружен со своите пријатели...

Најслични на Христа се оние коишто најнесебично искажуваат дух на сомилост, вистинска учтивост и добрина; нивното осведочување е непоколебливо а карактерот постојан; ништо не може да ги наведе да отстапат од верата или да ја занемарат својата должност.

Вистинскиот христијанин секогаш ќе негува дух на кротост и смиреност; тој секогаш ќе биде благ и внимателен кон другите и ќе има ведар темперамент кој ни болеста не може да го направи

раздразлив, ниту времето или околностите ќе можат да го вознемират... Божјите деца никогаш не заборавaат да прават добро. Тие добрите дела ги прават спонтано, зашто Бог со својата милост ја преобразил нивната природа.

(МЛ 193)

*Сабота, 29 август 2026*

## ГОСТОПРИМСТВО

**„Бидете гостољубиви еден кон друг без негодување. Бидејќи секој од вас добил дар, служете си со него еден на друг, како добри домоуправители на многукратната Божја благодат.“ (1. Петрово 4,9.10)**

Кога духот на гостољубивост сосема ќе исчезне, срцето станува парализирано со себичност.

Доблеста на гостољубивост е една особина којашто Светиот Дух посебно ја набројува како обележје на оние коишто имаат одредена одговорност во Црквата. А налогот на апостолот: „Бидете гостољубиви еден кон друг“, се однесува на сите членови на Црквата.

Овие совети се необично занемарени дури и меѓу оние коишто тврдат дека се христијани. Вистинска гостољубивост ретко се сретнува. Пригодите да се укаже гостољубивост, нашиот народ не ги гледа како што треба – како привилегија и благослов. Општо земено, има премалку друштвеност, премалку подготвеност покрај семејната трпеза да најдеме место уште за двајца или тројца, без збунетост или расфрлање. Некои се жалат дека тоа им задава многу труд и грижи. Меѓутоа тоа не би било така кога би кажале: „Немаме подготвено ништо посебно, но добредојдени сте и на она што го имаме.“ За гостинот кој тоа не го очекувал, таквото добредојде значи повеќе отколку најдобрата подготовка.

Христос води сметка за секој трошок на којшто се изложуваме заради него. Тој ќе надополни сѐ што е потребно за таквото

вложување. Напорите на оние коишто заради Христа ги прифаќаат и ги угостуваат своите браќа, правејќи најдобро што е во нивна моќ за таа посета да биде корисна и за нивните браќа и за нив самите, се бележат на небото како чин достоен за посебни благослови.

Кога својата врата ќе им ја отворите на Христовите претставници кои се во неволја и кои страдаат, вие им укажувате гостопримство и на невидливите ангели. Во својот дом го повикувате друштвото на небесните суштества, кои му донесуваат на светот атмосфера на радост и мир. Благодарноста што доаѓа од нивните усни, како и секое дело на милосрдие, на небото одѕвонува како песна.

(МЛ 194)

*Сабота, 5 септември 2026*

## ПРИЈАТНО РАСПОЛОЖЕНИЕ

**„Кој има дар за утеха, нека утешува! Кој раздава, нека дава богато! Кој управува, нека биде ревносен! Кој покажува милост нека го прави тоа весело!“ (Римјаните12,8)**

Наша христијанска должност е да бидеме пријатно расположени и во своите чувства да негуваме несебичност сѐ додека не стане наше најголемо задоволство сите околу нас да ги правиме среќни... Веселиот дух и ведро расположение без лекомисленост, спаѓаат во редот на христијанските доблести.

Не дозволувајте збунетоста, телесните грижи и тешкотии на секојдневниот живот да го вознемират вашиот дух и да го намуртат вашето чело. Ако си го дозволите тоа, секогаш ќе се најде нешто што ќе ве повреди, вознемири и загрижи. Животот главно е онаков каков што ние ќе си го направиме, и најчесто ќе го најдеме она што го очекуваме. Ако очекуваме само жалост и неволји, ако сме склони да ги увеличуваме своите мали тешкотии и проблеми, секогаш ќе најдеме безброј причини да ја преопто-

вариме нашата душа размислувајќи и зборувајќи само за тоа. Меѓутоа, ако своите мисли ги насочиме на посветлата страна на животот, ќе најдеме доволно причини да бидеме весели, пријатно расположени и среќни. Ако другите ги среќавате со насмеани лица, тоа ќе ви биде возвратено; ако им проговорите убав и пријатен збор, и тие ќе ви одговорат на истиот начин.

Лукаво смислениот план на сатаната е да ги фрли луѓето или во една или во друга крајност. Бог сака ние, како деца на светлината, да го негуваме веселиот дух и пријатното расположение, за да можеме радосно да го прославуваме Оној кој нè повикал од темнина во својата чудесна светлина.

Ако појдете во мрачен подрум, бескорисно е постојано да повторувате дека таму ништо не гледате. Качете се во „горната соба“ каде што царува светлината, и не останувајте во темнината! Пријдете му на Христа, и ќе бидете опружени со светлина.

Вистинскиот христијанин секогаш тежнее да го одблеснува Христа, зашто, да бидеш христијанин, значи да бидеш сличен на Христа... Радосното служење на Христа со цело срце, создава сончева религија... Во Христа е светлината која внесува мир и радост во секое време.

(МЛ 195)

*Сабота, 12 септември 2026*

## СРДЕЧНОСТ ВО ГОВОРОТ

**“Господ Бог ми даде вешт јазик, за да можам со зборови да го поткрепувам изнемоштениот. Секое утро Тој го разбудува увото мое, за да слушам како оние што се учат.“ (Исаија 50,4)**

Ако Христос престојува во нашето срце, ние ќе бидеме христијани и во домот и на секое друго место. Вистинскиот христијанин секогаш ќе има убав збор за своите роднини и за сите со кои доаѓа во допир. Тој ќе биде љубезен, учтив, пријателски расположен и сочувствителен, подготвувајќи се на тој начин

за живот во небесното семејство. Ако е навистина член на небесното семејство, тој достојно ќе го претставува царството за кое се подготвува, ќе зборува благо и кротко со своите деца, имајќи на ум дека и тие се наследници на Божјето царство, членови на небесното царско семејство. Духот на острина и грубост не може да престојува во срцето на едно Божје дете.

Некои се гордеат со тоа што зборуваат отворено, неучтиво и безобѕирно, нарекувајќи го тоа искреност; но вистинскиот назив за таквото однесување е најдлабока себичност.

Христос секогаш бил благ и достоинствен, и оние коишто соработуваат со Него ќе го користат маслото на милоста. Нивните зборови и постапки секогаш ќе бидат изразени со благост и добрина.

Мораме да се учиме да бидеме сочувствителни, благородни, секогаш подготвени да простиме и да покажеме сомилост. Иако треба да го отфрлиме секој бескорисен, непромислен и празен збор, сепак не треба да станеме студени, рамнодушни, нечувствителни и недруштвени.

Господовиот Дух нека ве исполнува сè додека не станете слични на мирисливо цвеќе во Божјата градина. Зборувајте за светлината, за Христа како Сонце на правдата сè додека вашиот карактер не се преобрази од слава во слава, од сила во сила, одразувајќи го сè повеќе и повеќе милниот Христов лик.

Христос е секогаш подготвен да ни дарува дел од богатствата на својата милост, и ние треба да ги собираме тие драгоцености кои доаѓаат од Него, за да можеме, кога ќе треба да зборуваме, овие драгоцености спонтано да излегуваат од нашите усни.

(МЛ 216)

*Сабота, 19 септември 2026*

## ОБИЛУВАЈТЕ СО ЉУБОВ КОН СИТЕ

**„А сам Бог и Отецот наш и Исус Христос, нашиот Господ, нека го насочи патот наш право кон вас! Вам, пак, Господ да ви даде да растете и да изобилувате во љубов еден кон друг и кон сите, каква што и ние имаме кон вас.“ (1. Солуњаните 3,11.12)**

Мисионската работа треба да започне во семејството. Оние што го примиле Христа, тука треба да покажат што направила Неговата милост за нив. Вистинскиот Христов верник го следи божествено влијание и тоа влијание се чувствува во целиот дом и поволно влијае на усовршување на карактерот на сите членови во семејството.

Верното и совесно извршување на домашните должности влијае поволно не само на членовите на семејството туку и на оние надвор од него. Нашиот духовен напредок во семејството се одразува на нашата мисионска работа надвор од семејството. Во родителскиот дом треба да покажеме докази дека сме оспособени да работиме во Црквата. Со искрен и понизен дух членовите на семејството треба да настојуваат Христос да престојува во нивното срце. Тогаш ќе можат да продолжат понатаму наоружани и подготвени за служба...

Напорите својот дом да го направиме она што треба да биде - симбол на небесниот дом – нè подготвуваат за работа во поширок делокруг. Воспитувањето стекнато со искажување нежно внимание кон другите, нè оспособува да допреме до срцата на оние кои треба да ги поучуваме според начелата на верата.

На Црквата ѝ се потребни духовните сили на сите оние кои можат да стекнат корисно образование, за да можат сите, а посебно младите членови на Господовото семејство, да бидат верно и совесно згрижени. Ако во семејството живееме во согласност со вистината, тоа ќе се открие преку несебичното дејствување на членовите надвор од семејството. Оној што живее христијански

во својот дом, ќе биде како запалена светилка чиишто блескави зраци се шират на сите страни.

Што потесно се поврзани членовите на семејството во својата работа во домот, толку поблагородно и покорисно ќе биде влијанието на таткото, мајката и синовите и ќерките надвор од семејниот круг.

(МЛ 221)

*Сабота, 26 септември 2026*

## ХРИСТОС ДОШОЛ ЗА ДА СЛУЖИ

**„Зашто и Човечкиот Син не дојде да му служат, туку да служи.“ (Марко 10,45)**

Да се посетат местата каде што престојувал Христос додека бил на Земјата; да се оди по патеките по кои Тој некогаш пешачел, да се набљудува езерото на кое Тој често со задоволство проповедал, и бреговите и долините на кои Неговиот поглед толку често се одморал - мнозина сметаат дека тоа е особено голема предност. Меѓутоа, за да ги следиме Христовиот стапки, не е потребно да одиме во Назарет, Капернаум или Витанија. Неговите стапки можеме да ги најдеме покрај болничките постели, во сиромашните колиби, во пренатрупаните улици на големите градови и на секое место каде што некое човечко срце копнее за утеха.

Милиони човечки души, кои се наоѓаат во оковите на незнаењето и ги чека вечна пропаст, никогаш не слушнале колку многу Христос ги сака. Кога ние би биле на нивно место, а тие на нашето, што би сакале тие да направат за нас? Наша најсвечена обврска е да направиме за нив сè што е во наша моќ. Христовото правило, според кое секој од нас ќе може да опстане или да пропадне на судот, гласи: „Сè она што сакате да ви прават луѓето, правете им го и вие.“ Спасителот го положил својот драгоцен живот за да основа Црква која ќе може да се грижи за кутрите

души изложени на постојаните сатански искушенија. Заедницата на верните може да биде сиромашна, необразована и неистакната, но со Христова помош може да изврши такво дело во семејството, во соседството, па дури и на некое подалечно место, чии последици ќе бидат далекусежни како вечноста.

Бидејќи оваа задача се занемарува, мноштво млади ученици никогаш не напредуваат подалеку од првите букви на азбуката на своето христијанско искуство. Светлината што се разгорела кога Христос им проговорил – „Ти се простуваат твоите гревови” – можеле да ја сочуваат залагајќи се за оние на кои помошта толку многу им е потребна. Неуморната сила, која толку често претставува извор на опасност за младите, може да се насочи во канали преку кои би бликала во река од благослови. Нашето „јас“ би било заборавено во сериозната работа за доброто на другите. (МЛ 225)

**Градиво за саботна школа**
За подобра саботна школа 3/2026

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

За интерна употреба